**ОБРАЗЕЦ ЗА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
за организации поддржани од ФООМ во 2014 година
во стратешките области

**ОРГАНИЗАЦИЈА: Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници- Скопје**

**ПЕРИОД ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ: 01.01.204 – 31.12.2014**

Име: Ирена Цветковиќ

Потпис:________________________________________

Дата: 02.02.2015

Печат

Ве молиме, пополнете ја табелата со информации кои се однесуваат  активностите спроведени во **текот на 2014 година**

| **Активности** | **Кога е реализирана** | **Остварени резултати** | **Извори за верификација на резултатите ( за секој извор ставете линкови доколку ги има, или означете со број на анекс)** |
|---|---|---|---|
| Покренување правни случаи и процедури поврзани со квалитетот на третманот на МЗ во здравствени сервиси и институции | Јануари-декември | Од претходните години се започнати постапки за кои се уште се преземаат дејствија:<br>1. 2 случаи за противправно земање на ДНК примерок од лица кои употребуваат droги<br>2. 1 случај на противправно откривање на медицински податоци за лица на третман со метадонска терапија<br>3. 1 случај на противправно откривање на ХИВ позитивен статус на затвореник<br>4. 2 случаи за правно признавање на полот<br>5. 1 постапка за заштита на правата на жртви насилство од омраза (ЛГБТ) | 1. Исцрпени домашните правни лекови и поднесени две апликации пред ЕСЧП<br>2. Исцрпени домашните лекови и поднесена апликација до ЕСЧП<br>3. Постапкате е пред Апелационен суд Скопје по поднесена жалба<br>4. 1 случај пред Управа за водење на матична евиденција, а другиот пред Управен суд по поднесена тужба<br>5. Во тек се две кривични постапки, една по обвинителен акт и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Оваа година се започнати две постапки:<br>6. 1 случај на повреда на право на домување на ХИВ позитивно лице<br>7. 1 случај на транс лице за промена на податоци во образовна институција | една по супсидијарен обвинителен предлог<br>6. Застапуван во п-ка за остварување на право на домување |
| Застапување за подобрување на ефикасноста на контролата на квалитетот во секоја болница, според законот за права на пациенти | Не е реализирано | За оваа активност планирано бешее да се спроведе јавна дебата во комисијата за здравство во Парламентот. Поради бојкотот на опозицијата на парламентот, не успеавме да најдеме меѓу шпратениците членови на оваа комисија заинтересирани за отворање на ова прашање. | |
| Зајакнување на капацитетите на мрежа од професионалци во областа на здравство со цел истите да станат потенцијална база за застапување за развој на здравствени сервиси за транс луѓето | Март- Декември | Формиран тим од лекари и експерти кои работат во полето ан медицината релевантна за транс лица.<br>Започната соработка со организацијата Трансгајтен од Белград која работи на подобрување на правата на транс лицата.<br>Студската посета во Белград е одржана во текот на месец декември. | |
| Давање правна помош за транс лица | Јануари- | Во подготовка е барање за едно транс | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| кои бараат пристап до фондот за здравствено осигурување заради покривање на трошоците од медицински интервенции поврзани со родовата транзиција | декември | лице | |
| Подготовка, публикација и дистрибуција на Прирачник за социјални работници во кој ќе се адресираат потребите на МЗ во контекст на социјални сервиси | Во тек | После одржување на серија состаноци со претставник од Заводот за социјални дејности добивме предлог за поинаков пристап. Имено, заводот е надлежен за обновување на лиценци на вработените социјални работници во центрите за социјална работа. Така наместо приранику Директорката предложи да се изготви модул за социјални работници и истиот да влезе меѓу официјалните 18 модули кои ги минуваат социјалните работници за да ја обноват лиценцата за работа. Дефинирана е содржината на Модулот и истиот е во процес на пишување. | |
| Застапување за формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите во секоја општина, во согласност со Законот за права на | Во тек | Поднесени се барања до 6 општини за добивање на информации за составот и работата на Комисиите за унапредување на правата на пациентите. До сега едисневно | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пациенти | | општина Центар одговори дека се` уште немаат формирано Комисија. Во 2015 година продолжуваат активностите за застапување на локало ниво. | |
| Давање на психо-социјална помош на МЗ | Јануари-Декември | | |
| Застапување во Собранието на РМ и поднесување на амандмани за промена на законот за спречување и заштита од дискриминација | Во тек | - Спроведена кампања: Член 3: иницијатива за поддршка и солидарност за подобрување на заштитата од дискриминација на ЛГБТИ лицата<br>- Снимени 7 видеа (4 целосни и 3 поединечни) како дел од video advocacy стратегијата за зимена на ЗСЗД<br>- Коалицијата стана дел од работната група предводена од Хелсиншки Комитет и NDI (National Democratic Institute) за измени и дополнувања на ЗСЗД<br>- Креиранао Резиме за потребите од и предлог измени (амандмани) на ЗСЗД<br>- Потпишани и испратени над 500 картички до пратениците за | - Резиме за измени на ЗСЗП и предлог амандмани<br>- 7 видеа<br>- Испратени картички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | поддршка на иницијативата за измени и дополнувања на ЗСЗД<br>- Спроевдени работни состаноци со парламентарци (пред изборите) кои даваат поддршка на иницијативата (Лилјана Поповска, Ивон Величковски, Павле Трајанов), Лидери или претставници на политички партии (СДСМ, ЛДП, ЛП, ДС, ДОМ, ГРОМ, Алијанса за позитивна Македонија, НСДП) и претседателот на Комисијата за заштита од дискриминација Душко Миновски<br>Започнат е процес на преговори со пратеничката Лилјана Поповска за започнување на измена на законот | |
| Употреба на правни механизми со цел правилно интерпретирање на законот за спречување и заштита од дискриминација и влијание врз идни промени на овој закон | Јануари-Демември | Коалицијата е дел од Мрежата за заштита од дискриминација. Во рамки на работата на мрежата, но и други проекти Коалицијата продуцираше 2 претставки, 3 ургенции, едно барање до Народен Правобранител, 1 жалба до Совет за етика на медиуми, 2 Кривични пријави за говор на омраза, 11 Барања | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за пристап до информации од јавен карактер | |
| Собирање на информации за ситуацијата со корисниците на droги и нивниот третман во полиција и судство | Во тек | Изготвена Анализа на законите и политиките со кои се уредуваат ингеренциите на полицијата и законите кои го третираат поседувањето ан дроги, овозможува на употреба, производнство и пуштање во промет на наркотични средства.<br>Спроведени се серија фокус групи со корисници на дроги во 6 општини во Р. Македонија<br>- Првичните резултати се презентирани на Националната конференција за политика на дроги на 30 Септември 2014.<br>Прирачникот е во процес на дизајнирање и печатење. | - Анализа на законите и политиките<br>- Потписи на учесниците во фокус група |
| Документирање и давање на правна помош на случаи на прекршување на здравствени и сексуални права | Јануари-Декември | Документирањето на случаите и давање на правна помош на жртви на повреди на здравствени и сексуални права продолжува континуирано со советување, упатување и изготвување на правни документи. | Дата база на документирани случаи |
| Застапување за ревизија и повлекување на хомофобични содржини во | Јануари-Декември | Активноста продолжува од минатата година кога беа поднесени барања за повелкување на неколку учебници до Министерство за | Одговор за повлекување на 3 учебника од КЗД |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учебници | | образование, Ректоратот и одделни факултети. Промовирана е одлуката за повлекување на спорниот учебник. Повлечени 3 учебници за високо образование: Медицинска психологија и Психијатрија том 1 и 2 | |
| Застапување во УКИМ за усвојување на политики за еднакви можности и недискриминација | Во тек | Одржан состанок со СПУКМ. Претседателот на СПУКМ изрази мотивираност за спроведување заеднички активност за подигање на свеста за дискриминација во рамки на УКИМ. | Поради последните случувања во високото образование соработката со СПУКМ е стопирана. Доколку Студентскиот Пленум стане релевантно студентско тело Коалицијата ќе започне соработка со истото. |
| Истражување на репрезентација и третман на теми поврзани со употреба на дроги и ХИВ во учебниците за средно и високо образование | Во тек | Анализата во драфт форма е во процес на читање и коментирање од страна на тимот на Коалицијата | |
| Јавна кампања за промовирање на идејата и потребата од сексуално образование | Септември-Декември | Спроведена јавна кампања на локални, регионални и национални ТВ (24Вести, Д1ТВ, ТВ Боем, Канал 8, ТВ Морис, ТВ Ирис) | |
| Тековен прес клипинг и мониторинг на медиуми | Јануари-Декември | Покрај редовниот прес клипинг, посебен мониторинг е спроведен во периодот на кампањата кажи НЕ на | Прес клипинг архива |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | хомофобијата и трансфобијата и Член3: иницијатива за поддршка и солидарност со ЛГБТИ заедницата. Засебен мониторинг и извештај за истиот е спроведен и за Неделата на гордоста | |
| Истражување на тема „Медиуми, недискриминација и маргинализирани заедници“ | Во тек | - Анализа на медиумски дискурси поврзани со ЛГБТ е дел од регионално истражување кое Коалицијата го спроведува во Македонија<br>- Селектирани 3 медиумски теми за студии на случај кои ги опфаќаат останатите целни групи (корисници на дроги, сексуални работници и лица кои живеат со ХИВ<br>Започнат процес на собирање на податоци | |
| Мониторирање на изборни кампањи, како и медиуми во тек на изборните кампањи | Март- Мај | Не е детектиран говор на омраза, дискримианција или нетолеранција насочен кон маргинализираните заедници | |
| Организирање јавна дебата во | Март | Оваа активност е реализирана во рамки на Националната мрежа за борба | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| предизборниот период со политички партии и политички кандидати | | против хомофобија и трансфобија преку испраќање на прашања за вклучување на ЛГБТИ прашањата во политичките програми на партиите. Активноста е спроведена од страна на Женска Алијанса. | |
| Дистрибуирање на документ до политичките партии во предизборниот период со цел изразување на јавен став и изјава против употреба на говор на омраза, стигматизирачки и дискриминаторски говор | Март- Април | Декларацијата е потпишана од страна на 7 политички партии на почетокот на изборниот период. | Потпишана декларација |
| Проекција на филмови и јавни дебати поврзани со теми важни за МЗ | Април- Јули | Оваа активност ја спроведовме во рамки на проектите: Кажи НЕ на хомофобијата, Член 3 и Неделата на гордоста. | |
| Организирање на изложба на уметнички дела продуцирани од селектирани уметници | Август- Декември | Изложбата е реализирана и зборникот е публикуван и промовиран во месец декември. | Публикуван Зборник |

Годишниот извештај треба да ги содржи одговорите на следниве прашања:

1. Доколку имало отстапување во реализацијата на планираните активности или промена на лицата кои ги спроведуваа активностите, Ве молиме објаснете.

   Промена на лицата кои ги спроведуваат активностите нема. Сепак, одредени отстапки во реализиција на планираните активност има, и истите најмногу зависат од контекстот, нови и непланирани околности, но и нужното временско преструктурирање заради подобри ефекти.

   Активноста: Застапување за подобрување на ефикасноста на контролата на квалитетот во секоја болница, според законот за права на пациенти е одложена заради парламентарните избори. Во моментов чекаме конечен избор на инистер и формирање на релевантните собраниски комисии. Бојкотот на опозицијата во Собранието ја отежнува оваа застапувачка активност. Заради тоа планиран е поголем состанок со сите членови на Коалицијата, есперти, како и преставници на други НВОа кои работат во областа здравство за изнаоѓање на креативни стратегии за застапување во вакви непредвиливи ситуации.

   Активноста: Јавна кампања за промовирање на идејата и потребата од сексуално образование е одложена од неколку причини. Спроведувањето на две кампањи за правата на ЛГБТИ лицата сметавме дека ќе ја засени оваа кампања. Во консултации со ХЕРА која е клучна организација за застапување за сеопфатно сексуално образование сметавме дека периодот од септември е најдобар период за отпочнување на оваа кампања. Во овој период ХЕРА се сочи со прекинување на соработката за сексуално образование со државните институции (МОН, биро за развој на образование, Собрани, МТСП...) и беше таргетирана во енгативни конотации од страна на тогашниот министер. Во меѓувреме ХЕРА работи на евалуација на нивната програма за сексуално образование и креирање на обновена и дополнета програма. Од тие причини сметавме дека е најдобро оваа кампања да се реализира во септември, кога евалуацијата и програмата ќе бидат готови, министрите избрани, а во јавност нема да се спроведуваат слични кампањи.
   Активноста: Организирање јавна дебата во предизборниот период со политички партии и политички кандидати не е реализирана. Наместо ајвна дебата оваа година Колаицијата своите напори ги насочи кон изготвување на Декларација за неупотреба на говор на омраза, дискриминација или нетолеранција кон ЛГБТ, жените и припадниците на амргинализираните заедници и застапување кај политичките апртии за потпишување на истата. Во рамки на НМХТ (националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија) останатите организации рекоа дека ќе работат со политичките партии во однос на нивните програми. Женска Алијанса ја спроведе оваа активност.

Активноста: Истражување на тема „Медиуми, недискриминација и маргинализирани заедници“ не е реализирана и истата е одложена за периодот од спетември до ноември. Причини за поместувањето се неколку:
Коалицијата, заедно со ФМК (факултет за медиуми и комуникации) Белград и една НВО од Црна Гора аплицираше на повикот на RRPP (Regional Research Promotion Programme) за истржувањ и анализа на медиумиски дискурси кои ги третираат прашањата за ЛГБТИ.  Проектот е одобрен и започнавме со реализиција.
Тимот на Коалицијата СЗПМЗ сметаше дека предвремените парламентарни избори заедно со редовните претседателски креираат вонреден (несекојдневен) контекст и дека истражувањата на медиумски дискурси треба да биде во период кога нема толкави големи теми и медиумски фокус врз истите.
Коалицијата спроведувајќи две кампањи за правата на ЛГБТИ (период од јануари до јуни 2014) ја наметнуваше во јавност многу повеќе темата за правата на ЛГБТИ отколку другите. Тоа исто така, сметавме, дека ќе доведе до измена на ситуацијата во медиумите и појава на теми поврзани едниствено со една целна група. Сепак, Коалицијата спроведе и ќе спроведе засебен мониторинг на медиуми и извештај од истиот во периодот на спроведување на кампањите и периодот на одржување на Недела на Гордоста.

2. Дали во **текот на 2014 година** се случија некои значајни промени во контекстот во областа во која работите  (донесени закони, политики, извештаи од национални или меѓународни институции, иницијативи и активности на други организации во областа, итн.) ?

Комисијата за заштита од дрскриминација во рамки на својот годишен извештај за првпат за споменува дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација како општествен проблем. Комисијата во својот извештај констатира дека дискриминацијата најчесто е намерна и мотивирана од омраза кон одредени етнички групи, маргинализирани групи, ЛГБТ популацијата итн.

Со измените во Кривичниот законик се проширија дискриминаторските основи по кои може да се води кривична постапка за говор на омраза и говор на омраза на интернет, со вклучување на сите основи од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Иако во измените не се експлицитно споменати сексуалната ориентација и родовиот идентитет, сепак, постојат правни можности за отворање на постапки и по тие основи за кривичните дела „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (чл. 394 г)“, Загрозување на сигурноста (по пат на информатички систем) (чл. 144, ст. 4 од КЗ), “Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз

национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319), Расна и друга дискриминација (чл. 417).

Во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2014 од 14.03.2014 година објавени се следните релевантни прописи од психијатриска здравствена заштита:

Упатство за практикување на медицина заснована на докази при третман на тиранизирање на училиште
Упатство за практикување на медицина заснована на докази при третман на транссексуализам
Упатство за практикување на медицина заснована на докази при третман на зависности од дрога
Упатство за практикување на медицина заснована на докази при третман на злоупотреба на супстанции од страна на адолесцентите.

По Универзалното периодично разгледување на Македонија во Јануари 2014 година, Советот за човекови права усвои вкупно 104 драфт препораки, за кои државата треба да се прозинсе до јуни 2014. Од вкупно усвоените препораки 24 се во врска со заштита од дискриминација,од нив 5 со фокус на дискриминација на ЛГБТ лицата, а 4 за родова еднаквост. Советот, исто така, даде препраки во врска со слободата на медиумите, владеење на правото, независност на судство, зајакнување на Народниот правобранител како независно тело за човекови права итн.

3. Дали и кои промени во контекстот влијаеа врз вашата работа?

Најмногу влијаеа превремените парламентарни избори. Овие избори ја отежнаа една од клучните компоненти на Коалицијата- промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници. Причината за тоа е поголема застапаност на политичките партии и нивните изборни реторики во медиумите отколку темите кои Коалицијата се обидува да ги наметне во јавност.

Друга промена е одлуката на опозицијата да го бојкотира учеството во Собранието. Застапувачките активност во Собранието сега се отежнати поради непостоење на пратеници кои ги поддржуваат истите.

Конечно, последните случувања со носењето на законот за високо образование и појавата на Студентскиот Пленум отвори морални дилеми кај нас во однос на соработката со СПУКМ. Во овој момент не сметаме дека СПУКМ има етички легитимитет да биде наш партнер како релевантно студентско тело и за таа цел дел од активностите ги одложивме сметајќи дека во иднина токму Студентскиот Пленум може да биде наш соработник и партнер.

4. Дали, според Вас, има унапредување или назадување во областа во која работите?

   Унапредување има во однос на една целна група- ЛГБТИ. Оваа година за првпат Интернационалниот ден за борба против хомофобија е одбележан на јавен простор. Седум политички апртии ја потпишаа Декларацијата за неупотреба на говор на омраза кон ЛГБТИ, жените и маргинализираните заедници. Повлечени се уште 3 учебници за високо образование со хомофобична содржина. Сепак, на УКИМ родовите студии се ставени во мирување, а во сито време се отвораат Семејни студии во чија програма хомсоексуалноста се предава како социо-патолошка појава.

   Во однос на се` друго за жал се забележува тренд на назадување. Корисниците на дроги се жалат на намалување на квалитетот на програмите за лекување од зависност, влошување на третманот од страна на полиција и скратување на пристапот до јавно здравство кој треба да е наменет за сите граѓани на РМ.

   Има извесно подобрување во претставувањето на сексуалните работници во медиумите, посебно за време на одржувањето на маршот на црвените во знак на заштита на сексуалните работници од насилство кој се одржа на 17 декември 2014 година.

   Во врска со пристапот до третман за ХИВ за 2014 година зголемен е буџетот во Програмата за третман на заштита на населението од ХИВ/СИДА во РМ за 2014 година, со што ќе се зголеми и подобри набавката на лекови за третман. Сепак, во период на месец август-септември во медиумите се засилија дискриминаторските реторики поврзани со ЛГБТ и ХИВ што може да резултира со впечаток дека хомосексуалците го шират ХИВ вирусот во Македонија.

5. Дали и како вашата работа придонесе за унапредување или назадување во областа во која работите?

   Работата на Коалицијата придонесе за унапредување на почитувањата правата на ЛГБТИ, особено во делот на право на мирен јавен собир. Понатаму придонесе во намалување на хомофобичниот говор на омраза и дискриминаторски говор. Придонесе за намалување на хомофобичните содржини во учебниците.

   Коалицијата заедно со ХОПС во рамки на проектот Мониторинг во заедницата придонесе за креирање на активистички јадра меѓу пациентите на програмите за лекување на зависности.

   Сепак, во однос на застапување пред институциите на системот Коалицијата не ужива статус на соработник туку непријател заради блиската соработка и поддршката од ФООМ. Оттука, одредени активности од кои и целните групи на Коалицијата, но и иснтитуциите на системост би имале придобивнки се

одвиваат исклучително отежнато и постои можност од нивно нереализирање во најдобра или посакувана форма.

6. Колкав беше вкупниот буџет на организацијата во 2014 година? Колкав дел од вкупниот буџет на организацијата беше покриен со договорт за донација од ФООМ? Кои беа другите донатори (доколку има)?

   Вкупен буџет: 116.819 USD + 10826 CHF

   ФООМ: 81077 USD

   FOSI: 16742 USD

   USAID: 19000 USD

   RRPP: 10826 CHF

7. Дали (ако да- зошто) во **2015 година** треба да правите измени во активностите, пристапот на работа, или инструментите кои ги користевте во 2014 година?

   Заклучно со 2014 година Коалицијата го исцрпе својот три-годишен план за застапување. Во проесот на креирање на новиот план за застапување беа земени предвид промените во контекстот и според истите зацртани се нови стратешки цели и застапувачки активности. Оттука, промените во активностите и пристапот се пред се сумирани на две нивоа:

- Премстување на застапувачките активности од национално на лолано ниво
- Поместување на активностите поврзани со промоција на сексуалните и здравствените права пред се` преку медиуми од национално на локално ниво.

Причините за ова се повеќе меѓу кои клучни се две:

- Овој пристап ни овозможува поголем контакт со целните групи, но и припадници на МЗ кои не се од Скопје
- Затвореноста на институциите на системот силно влијаеше врз застапувачкиет активности на Коалицијата. Локалните институции на системот, особено онаму каде локалната власт не доаѓа од редовите на владеачката партија ни овозможува поголема соработка и успех во застапувањето.

8. Додатоци- Ве молиме, доставете ги во електронска или пишана форма сите извори за потврда на резултатите, продуктите и прес клипингот за активностите реализирани во 2014 година (копии од публикации, мониторинг извештаи, анализи, писма/препораки доставени до надлежни институции, виде-материјали, фотографии, агенди од настани и листа на учесници, евалуации, и слично).